# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**22.04.2024 год.** **Бр.V**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 43-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 22.04.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 43-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 22.04.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-468/1 од 22.04.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 43-та седница, одржана на 22.04.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 42-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 13.03.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-450/3 од 22.04.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на РМ” бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16 и „Сл.весник на РСМ„ бр.31/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 22.04.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на подрачјето на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа на 03, 04 и 05 мај 2024 година, петок и сабота и недела по повод Велигденските празници.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-450/4 од 22.04.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 82/20, 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 37 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.04.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишната сметка на ЈП “Комуна” Крушево за 2023 година**

1. Советот на Општина Крушево, не ја усвои Годишната сметка на ЈП “Комуна” Крушево за 2023 година, бр.05-49/1 од 08.03.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-450/5 од 22.04.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 82/20, 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 37 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.04.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на извештајот за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2023 година**

1. Советот на Општина Крушево, не го усвои извештајот за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2023 година, бр.01-48/1 од 08.03.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-450/6 од 22.04.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 24 а. став 3 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.Весник на РМ” бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18; 35/19 и „Сл.весник на Р.С.М” бр.275/19; 82/20; 89/22 и 274/22) и член 62 став 1 точка 9 и 16 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 14/2016, 7/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на ЈП „Комуна” Крушево**

1. За ВД директор на ЈП „Комуна” Крушево, СЕ ИМЕНУВА СТАНКА ЕФРЕМОВА ТРАЈКОСКА од Крушево, ул.”Мише Ефтим” бр.51А., дипломиран Правник.

2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор по распишан конкурс, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ЈП „Комуна" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на Општина Крушево со решение бр.04-517/2 од 20.10.2023 година, ја именува за ВД директор на ЈП „Комуна" Крушево, Станка Ефремова Трајкоска. На 20.04.2024 година и истече мандатот за кој беше именувана.

Согласно член 24а. става 5 од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на Општина Крушево именува ВД директор на ЈП"Комуна" Крушево со мандат не подолго од 6 (шест) месеци.

Согласно горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.04-469/1 од 23.04.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр.** **стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 43-та седница на Советот на Општина Крушево … 1
2.Заклучок за усвојување на записникот од 42-та седница на Советот на Општина ………..... 1
3. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти ......................................... 1
4. Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈП „Комуна" Крушево за 2023 година .................. 2
5. Заклучок за усвојување на извештајот за работата на ЈП „Комуна" Крушево за 2023 година ................................................................................. 2
6. Решение за именување на ВД директор на ЈП „Комуна" Крушево ................................................ 2

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.